Општина Василево

Василево, 2411 Василево
Тел. 034/354-444
Фах. 034/353-007

**E-mail: opstina_vasilevo@yahoo.co.uk**
**gradonacalnik@opstinavasilevo.gov.mk**
**www.opstinavasilevo.gov.mk**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 03 - 30/1
10.01 20. 22 год.
Василево

Врз основа на член 29 од Законот за данок на имот (Сл. Весник на РМ бр. 61/2004, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 23/16, 151/21) општина Василево објавува

**ЈАВНА ПОКАНА**

за поднесување на даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2022 година

Даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2022 година (образец ДИ), поднесува даночен обврзник (правно и физичко лице), сопственик, корисник или плодоуживател на станбени објекти, административни згради и деловни простории кои служат за вршење на дејноста на обврзникот и сите други објекти во сите населени места вклучувајќи ги и оние од ридско-планинските подрачја. Од 01.01.2008 година обврска за поднесување на даночна пријава за имот има и за оној имот кој досега бил ослободен од одредбите на досегашниот Закон.

**ОБВРЗНИЦИ НА ДАНОК НА ИМОТ СЕ:**

- Правни и физички лица, сопственици на имот;
- Правни и физички лица, корисници на имот во случаи кога сопственикот не е познат или не е достапен;
- Плодоуживател на имот, согласно Законот;
- Ако имотот е сопственост на повеќе лица, секој од нив е сопственик на данок на имот сразмерно на сопственичкиот дел;
- Правни и физички лица кои дополнителнио се стекнале со имот во текот на претходни години, а не го пријавиле;
- Имотот на кој настанале промени во вредноста (изградба, доградба, довршување, проширување),

**НАПОМЕНА**

- Даночен обврзник кој поднел даночна пријава за данок на имот во 1994 година или во наредните години, а кај кого нема промена во сопственоста или вредноста на имотот, не поднесува даночна пријава;
- За неподнесување даночна пројава, даночниот обврзник ќе се казни со парична казна согласно Законот за данок на имот;
- Проверка на терен како и точноста на сите досега пријавени податоци ќе ги врши даночен инспектор .
- Даночната пријава се поднесува во Одделението за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци во општина Василево.

Изготвил
Блажо Стоилков

општина Василево
Градоначалник,
Славе Андонов